# ВОДИЧ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

Скопје,

Април, 2013

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

336.763.12(497.7)(036)

ВОДИЧ за задолжителна котација. - Скопје : Комисија за хартии од вредност, 2013. - 18 стр. : табели ; 22 см

Библиографија: стр. 18

ISBN 978-9989-2256-7-3

а) Хартии од вредност - Задолжителна котација - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 93725450

# ВОДИЧ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

## *Што значи и што ќе донесе задолжителната котација*

### 1.ВОВЕД

Со Измени и дополнувања на Законот за хартии од вредност од 23.01.2013 година (Службен весник на РМ бр. 13/2013), се предвиде воведување на задолжителна котација на хартиите од вредност на издавачите кои не котираат на Берза, а кои ги исполнуваат посебните услови за котација на официјалниот пазар на Берзата. Во таа насока се донесоа нови Правила за котација кои започнаа со примена од 15.03.2013 година.

Со воведувањето на Задолжителната котација на хартиите од вредност издадени од акционерските друштва се очекува да се исполнат следниве цели:

- дополнително да се зголеми транспарентноста на работењето на трговските друштва во Република Македонија;
- да се даде нов импулс за развој на пазарот на хартии од вредност
- да се зголеми обемот на тргување со хартии од вредност;
- зајакнување на корпоративната култура кај македонските акционерски друштва;

Воведувањето на законската обврска за котација ќе придонесе за централизирано собирање, обработка и користење на информациите за котираните друштва и ќе влијае кон создавање на потранспарентен и поефикасен пазар на хартии од вредност во Република Македонија, како за издавачите така и за инвеститорите.

Од зголеменото ниво и квалитет на информации за котираните друштва полза ќе имаат и финансиските посредници кои работат на пазарот на хартии од вредност, финансиските аналитичари, научно-истражувачката дејност, како и медиумите и целокупната јавност.

# 2. УСЛОВИ ЗА КОТАЦИЈА НА ПОДСЕГМЕНТОТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

Со дополнувањата на Законот за хартии од вредност и Правилата за котација на Берзата, се воведува нов пазарен подсегмент на Официјалниот пазар на берзата - “Задолжителна котација”, на кој, согласно одредбите од Правилата за котација, предвидено е да котираат хартии од вредност на издавачи кои со состојба на 31.12. кумулативно ги исполнуваат следните критериуми:




При пресметката на распространетоста на акциите во јавноста од вкупниот број на издадени акции на издавачот се одзема вкупното учество на акциите кои ги поседуваат членовите на органите на управување кои поседуват над 5% од родот на акции и вкупното учество на акционери кои поседуваат над 10%.

Покрај посебните услови за котација на Официјалниот пазар на Берзата, друштвата и хартиите од вредност треба да ги исполнуваат и општите услови за котација и тоа:

- издавачот да е трговско друштво регистрирано во Република Македонија кое работи во согласност со законските прописи;
- да има изготвено ревидирани годишни финансиски извештаи;
- хартиите од вредност за кои се бара котација на Берзата треба да бидат целосно уплатени и неограничено преносливи.

# 3. РОКОВИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА КОТАЦИЈА

Акционерските друштва чии што хартии од вредност ги исполнуваат посебните услови за котација на пазарниот подсегмент на Официјалниот пазар на берзата - “Задолжителна котација” потребно е **најдоцна до 30.04.2013** година да поднесат Барање и документација за пријавување за котација.

Документацијата, што е потребна за пријавување за котација и се поднесува преку **покровител за котација** е следна:

- Одлука од соодветниот орган на издавачот (органот на управување), со која се одобрува котацијата на хартиите од вредност;
- Одлука од соодветниот орган (органот на управување) дека ги прифаќа одредбите од Правилата за котација и сите нивни понатамошни измени;
- Изјава на одговорното лице во акционерското друштво за точноста на податоците во документацијата за котација;
- 3 (три) примероци од Проспектот за котација;
- Пречистен текст на Статутот на издавачот во печатена и во електронска форма;
- Потврда од овластен депозитар, не постара од 3 дена, дека не се воспоставени ограничувања на преносливоста на ниво на емисија на акции од ист род за кои се поднесува барање за котација;
- Примерок од тековна состојба на друштвото не постар од три дена;
- Ревидирани годишни финансиски извештаи за претходните 2 (две) години;
- Примероци од сите донесени Одлуки на издавачот со кои се одобрени сите измени во акционерскиот капитал на издавачот до кои дошло во претходните 2(две) години;
- Изјава од покровителот за котација;
- Доказ за уплатен еднократен надоместок за котација;

Посредник и советник во исполнување на обврските во постапката за котација на хартии од вредност помеѓу Берзата и издавачот е **Покровителот на котација**, кој може да биде брокерска куќа/банка, членка на Берзата.

# Листата на членки на Берзата, кои можат да бидат покровители на котација е следна:

| Назив | Адреса | | Телефон |
|---|---|---|---|
| Алта Виста Брокер АД Скопје | бул. Кочо Рацин бр. 30 влез 2/2 | Скопје | +389(2)3217103 |
| Еуро Брокер АД Скопје | Вељко Влаховиќ 1/2-2 | Скопје | +389(2)3215198<br>+389(2)3215199 |
| Еурохаус АД Скопје | бул. Св. Климент Охридски бр.52-а, влез 1, кат 2, број 5 | Скопје | +389(2)3217095 |
| Илирика Инвестментс АД Скопје | ул. Даме Груев бр.16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, локал 1 (зграда Аркадија) | Скопје | +389(2)3296853<br>+389(2)3296854 |
| Инвестброкер АД Скопје | ул. Истарска бр.33 | Скопје | +389(2)3110290<br>+389(2)3110280 |
| Иново Брокер АД Скопје | Бул.Теодосиј Гологанов бр.60/1-4 | Скопје | +389(2)3120941 |
| Комерцијална банка АД Скопје | кеј Димитар Влахов бр. 4 | Скопје | +389(2)3218218<br>+389(2)3218212<br>+389(2)3218228 |
| Мој Брокер | ул.Вељко Влаховиќ 1А/1-1 | Скопје | +389(2)3221012<br>+389(2)3221081 |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје | ул.Водњанска бр.1 | Скопје | +389(2)5100354<br>+389(2)5100352 |
| Пеон Брокер АД Скопје | ул.Коле Неделковски 50, локал бр.2 | Скопје | +389(2)3203850<br>+389(2)3203840 |
| Поштел Брокер АД Скопје | ул. 27 Март бб, (Мал ринг), до х.Јадран | Скопје | +389(2)3224300<br>+389(2)3103210 |
| Стопанска банка АД Скопје | бул.11 Октомври бр.7 | Скопје | +389(2)3295405<br>+389(2)3295406 |
| ТТК банка АД Скопје | ул. Народен Фронт б.19а, Скопје; ул.Маршал Тито бр.16, Битола | Скопје, Битола | +389(2)3216530<br>+389(47)203691 |
| Фершпед брокер АД Скопје | ул. Македонија бр.11 | Скопје | +389(2)3219333<br>+389(2)3219310 |
| Централна кооперативна банка АД Скопје | Градски стадион бб | Скопје | +389(2)3204033<br>+389(2)3204034 |

# 4. ПРОСПЕКТ-ЦЕНТРАЛЕН ДОКУМЕНТ ЗА КОТАЦИЈА

При поднесувањето на барањето за котација, издавачот е должен да достави **Проспект** чија што содржина и постапка на издавање е пропишана во Глава V од Правилата за котација. Проспектот мора да ги содржи сите информации кои на инвеститорите ќе им овозможат информативна проценка на имотот и обврските, финансиската состојба, добивката и загубата, развојните можности, како и правата кои ги носат хартиите од вредност.

Вообичаено, за изготвување на проспектот за котација издавачите користат услуги од лица со стручност и искуство во таа област, пред се членките на Берзата кои се и покровители на котацијата на друштвото. Воедно, друштвата по потреба можат да користат услуги и од ревизорски куќи, консултантски куќи итн.

Задолжителни елементи на проспектот, за последните 2 (две) години, се следните:

- **Податоци за издавачот и капиталот на издавачот** (Назив и седиште на издавачот; Тековна состојба од Трговскиот регистар не постара од три дена; Износот на вкупниот капитал, поодделните родови на акции со нивните главни карактеристики, бројот и вкупната номинална вредност на секој род; Одредбите од статутот кои ги регулираат промените во капиталот на издавачот и правата кои произлегуваат од различните родови на акции; Промените во структурата на капиталот за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти, во смисла на износите на емитираниот капитал и бројот и родовите на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал; Износот на сите должнички конвертибилни хартии од вредност, со опис за правилата и процедурите на конверзија; Имињата, односно називите на акционерите кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас; Доколку издавачот поседува мнозинско учество во одредени друштва, краток опис на меѓусебната поврзаност, како и родот и бројот на акциите во сопственост на

издавачот; Ревидирани финансиски извештаи на издавачот и/или консолидирани ревидирани финансиски извештаи на издавачот и неговите зависни друштва, за периодот определен во условите за котација на посебните пазарни подсегменти; Податоци и информации доколку издавачот е во постапка на издавање на акции заради спојувања, поделби или понуди за преземања други друштва);

- **Деловни активности на издавачот** (Опис на основните дејности на издавачот, главните производи и услуги; Информација за значајни нови производи; Приказ на приходите од продажба; Краток приказ на степенот на зависност (доколку постои) од патенти, лиценци, индустриски, комерцијални или финансиски договори или нови производни постапки, доколку истите се од голема важност за работењето на издавачот; Информации за политиката на развојот и истражување на нови производи и постапки, доколку се значителни; Информации за сите судски или арбитражни постапки, кои се во тек или ќе настанат и кои можат да имаат значително влијание на финансиската состојба на издавачот; Бројот на вработени и квалификационата структура; Опис и вредност на значителните инвестиции во основни средства и вложувања во хартии од вредност на други трговски друштва; Место и позиција на издавачот во гранката);

- **Финансиски податоци и показатели** (вкупни средства, вкупни обврски, добивка пред оданочување/загуба, нето добивка по акција, коефициент цена/добивка, коефициент цена/книговодствена вредност на акција, износ на исплатена дивиденда по акција, дивиденден принос; Податоци за трговските друштва во кои издавачот има мнозинско учество, а кои може да имаат влијание на проценката на имотот и обврските на издавачот, финансиската состојба или добивката и загубата: називот и адресата на трговското друштво, дејноста, уделот на капиталот во сопственост на издавачот, вкупен капитал, резерви, добивка или загуба од редовната активност, по одданочување, за последната година, износот на дивидендата исплатен за последната година, износот на

долгот на издавачот и спрема издавачот, во однос на трговските друштва во кои има сопственост; Доколку издавачот има мнозинско учество во други трговски друштва, доставува консолидирани годишни финансиски извештаи, во кои можат да бидат вклучени и друштва во кои издавачот има учество или значајно учество, ако органите на управување на друштвото сметаат дека вклучувањето ќе доведе до поцелосен приказ на имотната состојба и добивката на друштвото со мнозински удел; кога издавачот го вклучува само консолидираниот финансиски извештај во Проспектот, мора да го наведе износот на консолидирана добивка или загуба по акција, по оданочување);

- **Податоци за акциите за кои се бара котација** (Опис на родот на акциите за кои се поднесува барањето, бројот на акции и нивната номинална вредност; Опис на правата кои им припаѓаат на акциите, а особено: правото на глас, правото на учество во добивката, како и правата во случај на стечај односно ликвидација на издавачот; Наведување на одредбите од Статутот на друштвото кои се однесуваат на: Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, право на глас, дивиденда, ликвидација на друштвото, откуп на сопствени акции; Статистички податоци за тргувањето со акциите на друштвото);

- **Податоци за органите на управување на издавачот** (Име и презиме, деловна адреса, функцијата што ја вршат кај издавачот и датум од кога ја вршат таа функција членовите на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на издавачот, наведување кои од неизвршните членови на овие органи се сметаат за независни, како и податок за основните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот, доколку тие активности се значајни за тој издавач; Податок за природата на било каква поврзаност помеѓу наведените членови; Детални податоци за членовите на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на издавачот; Податоци за релевантното менаџерско и

експертско работно искуство на наведените лица; Имињата на друштвата во кои горенаведените лица се членови на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или се содружници, односно акционери во било кое време во последните пет години, наведувајќи дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник односно акционер; Податок дали наведените лица биле членови на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години; Податок дали на некое од наведените лица му е изречена мерка на безбедност-забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната); Податок дали наведените лица имаат сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество. Во Проспектот се наведуваат податоци за судир на интереси помеѓу членовите на одборот на директори односно на управниот и надзорниот одбор на издавачот и тоа: Податок за потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите кои овие лица ги имаат кај издавачот и нивните приватни интереси или други одговорности; Податок за постоењето на договор или соработка помеѓу овие лица и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на издавачот; Детални податоци за постоењето на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на издавачот ги поседуваат кај издавачот, во определен временски период, за што овие лица се согласиле);

- **Развојни перспективи на друштвото** (Информација за развојните перспективи во деловното работење, особено

во производството, продажбата и трошоците; Основните претпоставки и проценка за движење на добивката);

- **Ревидирани финансиски извештаи** (целосни консолидирани и неконсолидирани годишни ревизорски извештаи за последните две години, изготвени согласно меѓународните стандарди за финансиско известување или меѓународните стандарди за финансиско известување, објавени во Службен весник на Република Македонија, составени од: Ревизорско мислење, Ревидиран биланс на состојба, Ревидиран биланс на успех, Ревидиран извештај за паричните текови, Ревидиран извештај за промените во капиталот и Ревидираните белешки кон финансиските извештаи).

## 5. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА КОТАЦИЈА

Берзата го разгледува барањето и поднесената документација за котација, и во рок не подолг од 60 дена од денот на приемот, односно комплетирањето на барањето за котација донесува одлука за котација. Доколку Берзата не го одобри барањето за котација, издавачот може да поднесе жалба до Комисијата за хартии од вредност на РМ, преку Берзата во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Доколку Берзата го одобри барањето за котација на хартиите од вредност на издавачот, издавачот и Берзата потпишуваат договор за котација со кој се регулираат правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од котацијата согласно Правилата за котација, законските и подзаконските акти.

# 6. СКИЦА НА ПРОЦЕСОТ НА КОТАЦИЈА

Графички прикажан, процесот на задолжителна котација се состои од следните постапки:

1. Органот за управување на друштвото носи Одлука за котација
2. Друштвото склучува договор со членка на Берзата како покровител на котацијата
3. Изготвување на Проспект на котација
4. Поднесување на барање за котација на Берзата, заедно со Проспектот и целосната пропратна документација (најдоцна до 30.04.)
5. Берзата одлучува по барањето (најдоцна 60 дена од денот на поднесување на барањето, односно комплетирање на барањето доколку се побара дополнување)
6. Берзата носи одлука за котација на друштвото
7. Берзата и издавачот склучуваат договор за котација
8. Друштвото е котирано на Официјалниот пазар на Берзата, на подсегментот задолжителна котација

# 7. ПОСТОЈАНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Откако друштвото ќе биде примено на котација, со цел создавање реална слика на пазарот за неговите хартии од вредност, издавачот има постојана обврска да ги објавува сите информации неопходни за проценка на моменталната состојба на неговото работење. Правилата за котација на Берзата ги утврдуваат финансиските и нефинансиските ценовно чувствителни информации кои издавачот има обврска да ги објавува.

Така, секое котирано друштво е должно, без одлагање, да ги објави следните нефинансиски ценовно чувствителни информации:

- **Информации поврзани со деловното работење** (промена на дејноста; припојување, спојување, поделба или преземање на друштвото; измени во Статутот на друштвото; заедничко вложување; нови инвестиции во основни средства или во хартии од вредност кои надминуваат 10% од капиталот на друштвото; потпишување или раскинување на значаен договор; ново откритие; престанок на основната дејност, што имплицира промена во општата деловна ориентација на издавачот; промени на клучната позиција на друштвото на пазарот, како резултат на вонредни околности; промени во органите на управувањето на друштвото; промени во деловниот/инвестицискиот план и сл.);
- **Информации поврзани со капиталот** (зголемувања или намалувања на основната главнина; измени во структурата на капиталот; промени во правата кои припаѓаат на било кој вид котирани хартии од вредност; одлуки за откуп на сопствени акции; продажба на сопствени акции; бројот на акции со право на глас како и процентот на нивното учество во вкупниот број на издадени акции на друштвото кои поединечно ги поседуваат членовите на Управниот или Надзорниот Одбор, односно членови на Одборот на директори; купување и продавање на акции на друштвото од страна на членови на Управниот или Надзорниот Одбор, односно членови на Одборот на директори во точно определени случаи и сл.);

- **Значајни промени во финансиската состојба** (осетни намалувања на добивката, загуби поголеми од 30% од активата на друштвото или значајни зголемувања на добивката во два последователни периоди; информации во врска со профитот, односно известување дека предвидената профитна динамика не кореспондира со тековните активности; стекнување или оттуѓување на над 5% од средствата на друштвото определено врз основа на последните ревидирани консолидирани годишни финансиски извештаи; нови кредитни задолжувања, со рочност подолги од шест месеци, во случаите кога се постигнува или веќе е постигнато вкупно кумулативно задолжување на друштвото од најмалку 50% од вредноста на капиталот на друштвото определено врз основа на последните ревидирани консолидирани годишни финансиски извештаи; засновани рачни залози и хипотеки чија вредност, поединечно и/или кумулативно изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани консолидирани годишни финансиски извештаи; донесени одлуки за зделки со заинтересирана страна и мислењето на овластениот ревизор, доколку вредноста на зделката или кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрување на зделката, надминува 10% од вредноста на активата на друштвото; судски постапки во кои е вклучен издавачот како тужител односно тужена страна, чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капитал на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи и сл.);

- **Дивиденден календар** (датум на пресек на акционерската книга, кој треба да биде најмалку 14 дена од денот на одржување на Собранието на акционери на кое се носи одлуката за делење на дивиденда; последен ден на тргување со право на дивиденда; прв ден на тргување без право на дивиденда; рок за исплата на дивидендата);

- **Информации поврзани со акциите во посед на јавноста** (во насока на информирање за исполнување на квантитативните критериуми за котација);

- **Информации поврзани со значителните удели** на сопственици кои се стекнале со над 5% акциите со право на глас итн.

Покрај објавувањето на наведените ценовно чувствителни информации за тековното работење, издавачот има обврска да објавува и известувања и материјали поврзани со одржувањето на седници на **Собрание на акционери** на друштвото, и тоа:

- Јавен повик за одржување на Собрание на акционери најмалку 21 ден пред неговото одржување;
- Сите евентуални измени и дополнувања на дневниот ред на Собранието;
- Одлуките донесени на одржаната седница на Собранието.

Воедно, издавачот има обврска и да го објави **Годишниот извештај за работењето** во рок од 7 дена по усвојувањето од страна на Собранието на акционери.

Покрај наведените нефинансиски ценовно чувствителни информации, котираните друштва имаат обврски за објавување на **финансиски извештаи**.

Издавачите кои изготвуваат консолидирани биланси должни се да ги објават тримесечните, шестмесечните и деветмесечните биланси во рок од 60 дена од истекот на периодот и годишниот во рок од 90 дена од периодот за кој се однесува.

**Целосно консолидирани и неконсолидирани ревидирани финансиски извештаи**
Ревизирско мислење, Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот и Белешки кон финансиските извештаи
Рок од 7 дена по усвојувањето од собранието на акционери

**Полугодишни и годишни неревидирани кумулативни финансиски извештаи**
Биланс на успех, Биланс на состојба, Извештај за паричните текови, Извештај за промените во капиталот
Во рок од 60 дена по истекот на периодот на кои се однесуваат билансите

**Тримесечни и деветмесечни кумулативни, нереведирани Биланси на успех**
Рок од 45 дена по истекот на периодот на кои се однесуваат

# 8. СЕИ-НЕТ

Сите објави на известувања котираните друштва ги вршат преку специјалниот **Систем за електронско известување - СЕИ-Нет**. СЕИ-Нет е интернет-базирана апликација која нуди брзо, безбедно, квалитетно и кориснички погодно објавување на сите известувања кои се пропишани со Правилата за котација. Котираните друштва назначуваат лица овластени за објавување на известувања кои добиваат кориснички имиња и лозинки за користење на СЕИ-Нет. Вообичаено, како овластено лице за внесување на известувања преку СЕИ-Нет е вработено лице во друштвото кое, согласно одредбите од Правилата за котација, е назначено и за лице за контакт со инвеститори. Воедно, СЕИ-Нет испраќа e-mail-ови за сите внесени и објавени известувања до лицата кои ја вршат објавата, како и до контролни лица во друштвото. На овој начин се остварува целосна контрола на процесот на објавување на известувањата од страна на друштвото, но и од страна на Берзата која ги разгледува известувањата за кои е побарана објава пред истите да бидат одобрени за објавување во јавност.

Сите известувања од котираните друштва кои се внесени во СЕИ-Нет, за кои е побарано објавување и кои ќе бидат одобрени од Берзата, се објавуваат на интернет страницата на Берзата, како и на посебната интернет страница на СЕИ-Нет: www.seinet.com.mk .

Берзата врши посебна обука за користење на СЕИ-Нет за сите лица кои од страна на котираните друштва се назначени за овластени лица за објавување на известувања преку СЕИ-Нет. Воедно, Берзата има изготвено и посебно корисничко упатство за начинот на користење на СЕИ-Нет.

# 9. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА КОТАЦИЈА

Согласно измените и дополнувањата на Законот за хартии од вредност, хартиите од вредност кои котираат на задолжителна котација можат да бидат исклучени од задолжителната котација само при стечај и ликвидација на издавачот. Законските одредби за задолжителна котација на Берза на хартиите од вредност на друштвата кои ги исполнуваат условите за котација престануваат **да важат на 30.04.2018 година**.

# 10. КОНТАКТИ И ИНФОРМАЦИИ

Повеќе информации во врска со Правилата за котација на Берзата, листата на членки на Берзата кои можат да бидат покровители на котација и други информации во врска со котирањето на Берзата може да се најдат на интернет страницата на Берзата: www.mse.mk

За сите прашања и подетални информации околу спроведување на задолжителната котација, освен кај членките на Берзата, можете во секое време да се обратите и во Берзата на телефон 02/3122-055 или на e-mail: kotacija@mse.mk

Листата со членки на берзата кои можат да бидат Покровители на котација на хартии од вредност може да се преземе на следниот линк: http://www.mse.mk/mk/brokers

Текстот на Законот за хартии од вредност може да се преземе на следниот линк: http://www.sec.gov.mk

Текстот од Правилата за котација може да се преземе на следниот линк: http://www.mse.mk/mk/content/21/1/2008/listing-rules